**Општина Охрид**
**Градоначалник**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид (Сл. гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за начинот, постапката и критериумите за вклопување на предлог идеи од јавен интерес на Општина Охрид од областа на здравствена и социјална заштита во рамки на програмата за здравствена и социјална заштита за 2026 година

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, критериумите и постапката за вклопување на предлог идеи од јавен интерес на Општина Охрид од областа на социјалната заштита во рамки на програмата за социјална заштита за 2026 година.

### 1. Општи одредби

**Член 2**

Општина Охрид заради остварување на јавните потреби и јавниот интерес, на Јавниот повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес на Општина Охрид за 2026 година, ќе поддржи предлог идеи на здруженија на граѓани, фондации и правни субјекти од областа на здравствена и социјална заштита кои ќе придонесат за побогат и поквалитетен живот на лицата со посебни потреби, ограничени можности и семејства од социјален ризик. Предлог проектите треба да се однесуваат на активности од областа на  здравствена и социјална  заштита кои ќе бидат насочени кон директна помош на општина Охрид во оставрување на нејзината основна функција и предвидени конкретни активности,а се со единствена цел поквалитетна и потранспарентна постапка за изработка на програмата за социјална заштита за 2026 година.

Целта на реализација на оваа активност е Општина Охрид да обезбеди стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата од јавен интерес во областа на  здравствена и социјална заштита, намалување на социјалниот ризик и различните видови активности на лица со посебни потреби на подрачјето на Општина Охрид,

**Член 3**

Согласно законската регулатива, Општина Охрид како единица на локалната самоуправа води активна политика на обезбедување услови и превземање системски активности за  здравствена и социјална заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лица со посебни потреби на подрачјето на Општина Охрид.

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Член 4**

Општина Охрид финансиски поддржува идеи,програми и проекти кои ќе се реализираат во текот на 2026 година кои ќе бидат разгледани од страна на Комисија која откако ќе утврди кои проектни идеи ги исполнуваат потребните барања ќе ја подготви програмата за работа на општина Охрид во областа на социјалната заштита и истата согласно законската регулатива ќе ја предложи на усвојување до Советот на општина Охрид.

**Право на учество**
**Член 5**

На Јавниот повик право на учество имаат правни лица, здруженија на граѓани фондации и други правни субјекти како и трговски друштва (медиуми).

- Под правни лица се подразбираат правни лица кои вршат дејност од јавен инетерес од областа на здравствената и социјалната заштита, како и здруженија на граѓани, фондации и слично, регистрирани на територија на општина Охрид кои се занимаваат со активности од областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби чии активности се на територјата на општина Охрид.

**Начин и постапка**
**Член 6**

Сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината, аплицираат на Јавен повик, кој за секоја наредна година го распишува Градоначалникот пред крајот на претходната година, се со цел низ транспаретна постапка да може да биде изработена новата програма за социјална заштита на општина Охрид.

Јавниот повик трае до 18.11.2025 година до 15.00 часот .

Јавниот повик се објавува на веб страната на општината (www.ohrid.gov.mk).

**Член 7**

Апликантите кои ќе учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на критериумите должни се да ја достават следната документација:
-Пополнета пријава со детално објаснет предлог проект (објавена на веб страната на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);
-Копија од тековна состојба од централен регистар не постара од 30 (триесет) дена;
- Потврда од централен регистар дека врз правното лице не е отворена стечајна и ликвидациона постапка, не постари од 30 (триесет) дена;
-Потврда од надлежен орган дека правниот субјект нема забрана за вршење на дејност не постара од 30 (триесет) дена;
-Потврда за отворена и активна жиро сметка во банката;
-Референтна листа за претходно реализирани проекти и други активности од областа на задравствената и социјалната заштита со прилог фотокопија

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

од склучени договори од областа на задравствената и социјалната заштита;
-Извештај ( наративен и финасиски) за добиените средства од Општина Охрид во изминатата фискална година доколку биле корисници;
-Изјава од овластено лице на апликантот дека со овој проект нема да учествува на друг повик од истата област (двојно финансисрање);
-Изјава од овластено лице на апликантот дека по реализацијата на проектот ќе достават наративен извештај со фотографии и финасиски извештај, со докази за направените трошоци (копии од фактури,фискални сметки) во спротивно средствата ќе бидат вратени.

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на предлог идеа/проект со наведените пропратни документи, каде детално ќе биде образложена идејата и ќе има финасиска рамка.

Предлог проектите/идеите за кои ќе бидат доделени финансиски средства, ќе се реализираат во рамките на програмата за здравствена и социјална заштита во текот на 2026 година.

Со пријавата може да се достават и други документи/материјали за дообјаснување на проектот, за кои учесникот на Јавниот повик цени дека е потребно да ги достави како сертификат, потврди за учество други проекти посета на семинари и сл).

Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот на поднесување на пријавите утврден во Јавниот повик. Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

Пријавите со документите се доставуваат во затворен плик на следниов начин: **назнака на плик "НЕ ОТВАРАЈ", Општина Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид со назнака за „Јавен повик за финансирање на предлог идеи на здруженија на граѓани, фондации и други правни субјекти од јавен интерес во областа на здравствена и социјална заштита на општина Охрид за 2026 година“** - лично во архивата на Општина Охрид или по пошта со препорачана пратка.

Јавниот повик трае најдоцна до **18.11.2025 година.**

**Член 8**

Доставените пријави по „Јавниот повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес на здруженија на граѓани, фондации и други правни субјекти во областа на здравствена и социјална заштита на Општина Охрид за 2026 година“ ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 5 (пет) члена и тоа 4(четири) лица именувани од редот на вработените во општинската администрација и 1(едно) лице советник при советот на општина Охрид. Еден од членовите на комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

Комисијата за својата работа води Записник.

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и во рамки на можниот буџет наменет за социјала во општина Охрид одобрените идеи ги вметнува во програмата за социјална заштита за 2026 година.

Комисијата ќе ги извести сите подносители на пријави за Одлуката за избор на кои им се дава финансиска поддршка со висина на одобрените средства, по донесувањето на Одлуката за избор на корисници на финансиска поддршка од Општина Охрид со јавна објава на веб - страната на општина Охрид.

Против одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмен приговор во рок од 3 (три) дена по приемот на известувањето. Приговорот се поднесува до Комисијата, а по него одлучува градоначалникот на Општина Охрид во рок од 3 (три) дена од приемот на писмениот приговор.

Одлуката на Градоначалникот на Општина Охрид е конечна и се проследува на разгледување и усвојување на Советот на Општината.

**Член 9**

Откако програмата за здравствена и социјална заштита ќе биде усвоена од Советот на општина Охрид и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Охрид, подносителот на определената идеа која е дел од програмата, доставува барање до Секторот за јавни дејности одделение за детска, здравствена и социјална заштита за одобрување на финансирање на активност како дел од програма. Потоа се врши исплата на утврдените средства а по завршувањето на активноста се доставува извештај до Секторот за финансиски прашања за начинот на користење на средствата. Извештајот треба да биде поднесен најдоцна до 01.12.2026 година.

Доколку нема доволно средства во рамки на програмата за некои проектни активности, тие ќе бидат земени во предвид во текот на 2026 година без да се објавува нов јавен повик за сите ребаланси кои ќе се прават на програмата во текот на 2026 година, доколку во расправата по нацрт програмите се утврди дека некоја активност е корисна а не била аплицирана на јавниот повик може да стане составен дел од предлог програмата.

**Критериуми за финансирање**

**Член 10**

За да се утврди дека програмите и проектите се од интерес на Општина Охрид, тие треба да исполнуваат најмалку еден од следниве општи критериуми:

- да допринесат за побогат, поквалитетен и разновиден јавен живот на ниво на општината во областа на социјалната заштита;
- подобрување на образованието на лицата со посебни потреби и семејствата од социјален ризик;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни установи од

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти од областа на социјалната заштита;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати од областа на социјалната заштита ;
- потикнување на креативноста и подобрување на условите за развој на лицата со посебни потреби;
- унапредување на животот на лицата со посебни потреби;
- развој на спортските активности кај лицата со посебни потреби;
- стимулирање и потикнување на грижата за здравјето на граѓаните од социјално ранливите категории;
- Проекти кои ќе придонесат за намалување на социјалниот ризик и тоа: ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност), ризици на старост и стареење, ризици на еднородителски семејства, ризици од невработеност, ризици од сиромаштија како и ризици од друг вид на социјална исклученост;
- Активности на здруженија на пензионери кои поттикнуваат меѓусебна соработка и поврзување на луѓето во оваа животна доба;
- средставата кои определено здружение на граѓани ги добило од општина Охрид може да ги искористи како учество во друг меѓународен проект од областа на социјалната заштита кој секако би носел бенефит за градот Охрид.

**Критериуми за оценување**

**Член 11**

| **Проект** | **Бодови** |
|---|---|
| **I. Апликација** | **25** |
| - Детално и јасно разработена идеја согласно правилникот и јавниот повик | 20 |
| - Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби | 5 |
| **II. Буџет** | **25** |
| - Детално разработен финансиски план за средствата потребни за реализација на програмата/проектот | 10 |
| - Оправданоста на трошоците во предложениот финансиски план (реален буџет во однос на | 10 |

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

| | |
|---|---|
| активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции) | |
| - Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |
| **III. Квалитет на програмата/проектот** | **50** |
| -Придонес за решавање на определен проблем на подрачјето на Општина Охрид од областа на социјалната заштита кој не е дел од програмата за работа на општина Охрид или подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби на територијата на општина Охрид или учество во меѓународен проект кој носи бенефит за градот Охрид | 20 |
| - Придонес на проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на Општина Охрид | 20 |
| - Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 10 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

**Завршни одредби**

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.